АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/8
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100 -та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода)**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), и тоа:

**1. Во Воведни напомени, ставот (1), се менува и гласи:**
„(1) Во смисла на:
- членот 26 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода),
- членот 26 од Посебните услови за осигурување раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула, и
- членот 24 од Посебните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода), оваа Табела за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) (во понатамошен текст: Табела на инвалидитет) е составен дел на секој од наведените услови и на секој поодделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај кој договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк – Скопје, според некој од овие услови за осигурување." ;

**2. Во точката 177,** се бришат зборовите „ на Ахилова тетива".

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода).

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
м-р Марија Томеска